# Програма за е-учење

## Царински транзит

### Поенти на курсот

Ова е кратко и практично резиме за најважните информации од курсот.

## 1 Учебни цели

На крајот од 90 минутниот курс, ќе научите:

- концептот за царински транзит;
- различните сценарија за царински транзит;
- надворешен транзит и внатрешен транзит;
- транзитни движења на Унијата и заеднички транзитни движења;
- ТИР транзитни движења;
- други транзитни движења;
- објасни кога и како се применува испитната постапка;
- различни поедноставувања.

## 2 Општи информации

- **Царински транзитот** е еден од четирите категории на **специјални постапки.** Тоа е царинска постапка која се користи за да се олесни движењето на стока помеѓу две точки во царинска територија, преку друго царинско подрачје, или помеѓу две или повеќе царински подрачја.
- **Различните сценарија за царински транзит** се:
  - со влегување и последователно напуштање на царинска територија на Унијата;
  - со напуштање и последователен повторен внес во царинска територија на Унијата;
  - со влегување во царинска територија на Унијата и продолжување на движењето до специфична точка во царинска територија на Унијата;
  - со ставање на стока во извозна постапка и последователно во транзитна постапка.
- Царински испостави кои се вклучени во транзитните движења се:
  - Појдовната царинска испостава:
    - ја прифаќа транзитната декларација;
    - извршува анализа на ризик и можна контрола на стоката;
    - и определува временски рок пред кој стоката треба да пристигне во одредишната царинска испостава;
    - ја раздолжува транзитната постапка и ја ослободува гаранцијата.
  - **Одредишната царинска испостава**:
    - извршува уште една контрола и проверува дали сета стока пристигнала во рамки на определениот временски рок.

- испраќа резултати од контрола на појдовната царинска испостава кога проверката на стоката и/или документите е задоволителна или се смета за задоволителна.
- **Транзитна царинска испостава** е надзорна царинска испостава каде стоката влегува или го напушта царинска територија на Унија во царински транзит, но тоа не е точка на поаѓање или одредиште. Транзитната царинска испостава:
  - го потврдува влезот или излезот на одредена стока во царински транзит.

## 3 Царинска транзитна постапка

- **Надворешен транзит (Т1)** во принцип се применува за странска стока.
  - Надворешната транзитна постапка дозволува по правило странска стока да се движи од една до друга точка во царинска територија на Унијата на тој начин што царинските давачки и другите давачки се одложени.

- **Внатрешен транзит (Т2)** е генерално применлив за странска стока.
  - Внатрешната транзитна постапка му овозможува на економскиот оператор привремено да ја го напушти и повторно да влезе во царинска територија на Унијата со задржување на статусот на стоката како странска стока.

## 4 Транзитна постапка на Унијата и заедничка транзитна постапка

- Најчесто користени и слични транзитни движења се:

| | **Транзит на Европската Унија** | **Заеднички транзит** |
|---|---|---|
| Законска основа | ЦЗУ | Конвенција од 20 мај 1987 за заедничка транзитна постапка |
| Територијален опфат | Царинско подрачје на Унијата (+ Андора и Сан Марино) | Царинско подрачје на Унијата и на другите договорни страни на Конвенцијата: Исланд, Швајцарија, Лихтенштајн, Норвешка, Турција, Македонија и Србија. |

- Транзитна постапка на Унијата и заедничката транзитна постапка можат да се применуваат на следниве начини:
  - Во НКТС систем - главно за патен транспорт;
  - На хартија за железнички, поморски и воздушен транспорт (потребно е одобрение);
  - Со користење на електронски манифест за воздушен и поморски транспорт (потребно е одобрение).
- Стандардната постапка за транзит на Унијата и заеднички транзит е како што следува:




- Носител на постапката е лице кое поднесува царинска декларација или во чие име декларацијата е поднесена. Носителот на постапката е **одговорен за**:
  - Ставањето на увид на стоката и на бараните информации во одредишната царинска испостава во рамки на временскиот рок;
  - Придржување на царинските прописи кои се однесуваат на транзитната постапка;
  - Обезбедување на гаранција;
  - Плаќање на царинските давачки и другите давачки кои можат да настанат во случај на царински долг.

- **Други лица** кои што прифаќаат стока знаејќи дека таа е во транзитна постапка можат исто така да бидат одговорни за ставање на стоката на увид во одредишната царинска испостава. Во секој случај, **носителот на постапката останува целосно одговорен**.

- Царинските органи можат да одобрат одредени **поедноставувања**:
  - **овластен испраќач**: овластен испраќач е лице на кое му е одобрено да извршува транзитни операции без ставање на стоката на увид кај појдовната испостава;
  - **овластен примач**: овластен примач е лице на кое му е одобрено да прима во своите простории или на некое друго определено место, стока ставена во транзитна постапка без ставање на увид на таа стока кај одредишната испостава;
  - **Електронски транспортен документ (ЕТД)**: ова поедноставување се однесува на употреба на ЕТД како транзитна декларација за воздушен или поморски транспорт и се применува од датумот на започнување на користење на релевантните подобрени системи на економските оператори (најдоцна од 1 мај 2018). Сè додека соодветните системи не бидат надградени ќе се применуваат преодните одобренија за електронски манифести кои се користат за поморски и воздушен транспорт;
  - **транзитна декларација со редуцирани податоци**: ова поедноставување овозможува употреба на транзитна декларација со намалени побарувања податоци за ставање на стока во транзитна постапка на Унијата. Сè додека соодветните надградени системи (НКТС) не започнат да се користат, преодните одобренија ќе се применуваат за хартиен железнички, поморски и воздушен транспорт;

- **употреба на пломби од посебен вид**: економскиот оператор може да побара одобрение за употреба на пломби од посебен вид, кое му овозможува да ги употребува овие пломби наместо да оди во царината и да добие пломби за пратката.

- Ако се **случил** инцидент за време на патувањето, **превозникот** мора **веднаш да ја информира најблиската** царинска испостава во земјата-членка каде што се случил инцидентот. Царинската испоставата ќе одлучи дали движењето може да продолжи или дали треба да се преземат соодветни дејствија.
  Примери за инциденти:
  - претоварање на стоката,
  - скинати пломби поради причини надвор од контролата на превозникот);
  - отстапување од пропишаниот правец на движење.

  Од датумот на надградба на НКТС системот, сите детали во врска со инцидентот ќе бидат регистрирани во тој систем.

- Кога стоката не е испорачана во одредишната царинска испостава (на пр. украдена стока), ќе се **покрене испитна постапка и евентуална** постапка за наплата.

## 5 ТИР

- Друго често користено транзитно движење е ТИР.

- ТИР постапката овозможува транспорт на стока по патен пат со поминување на повеќе граници со користење на еден ТИР карнет. Ова значи дека стоката патува помеѓу појдовната царинска испостава во една земја или царинска унија и одредишна царинска испостава во друга земја или царинска унија.

- ТИР транзитната постапка својата законска основа ја има во ТИР Конвенцијата од 1975 година, а вклучените земји треба да бидат нејзини договорни страни.

- ТИР постапката користи таканаречен **ТИР карнет како царинска декларација**.

- Услови за ТИР движење се:
  - Стоката се транспортира во одобрени возила или контејнери.
  - Стоката е со ТИР карнет издаден од национални гарантни здруженија, кои се поврзани со меѓународна организација назначена во ТИР Конвенцијата.
  - Најмалку еден дел од транспортот се извршува по патен пат.
  - ТИР карнетот служи како **меѓународна валидна гаранција** за плаќање на одложените давачки и даноци.

- ТИР движење и царинско подрачје на Унијата:
  - Царинска територија на Унијата се смета за едно подрачје.
  - ТИР движењето треба да започне или да заврши надвор од царинска територија на Унијата или помеѓу две точки во Унијата со поминување низ трета земја.
  - Освен хартиен ТИР карнет, носителот е обврзан да поднесе податоци во НКТС системот.
  - ТИР карнетот е валиден само кога поврзаната гаранција е прифатена во царинска територија на Унијата.

- Главната разлика помеѓу заедничкиот транзит и ТИР движењето е дека **заедничкиот транзит** е едно **единствениот транзитно** движење низ едно подрачје, додека **ТИР движењето** е **серија од национални постапки**, но сепак со користење на стандардизирани правила на ТИР конвенцијата.




# 6 Други видови на транзитни движења

## 6.1 Постапка согласно АТА конвенција

- Постапка за привремен увоз (АТА) овозможува стоката да се употребува во една или повеќе земји или царински унии без плаќање на царински давачки или други давачки под услов тие да се вратат во иста состојба во која биле при внес, во определениот временски период.
- Законска основа за оваа процедура се АТА Конвенцијата и Конвенцијата за привремен увоз, исто така позната како Истанбулска Конвенција.
- АТА постапката бара гаранција.

## 6.2 Поштенски систем

- Економскиот оператор не е должен да поднесе царинска декларација за поштенски пратки кои влегуваат, оставаат или се транспортираат, сè додека се „под одговорност на поштенската служба".
- Царинските постапки и формалности се извршуваат од поштенските компании и компаниите за брза пошта.

## 6.3 НАТО образец 302

- Царинското законодавство пропишува посебни обрасци за превоз на воени стоки од земјите на Договорот за Северноатлантската организација (НАТО) низ територијата на партнерските земји на НАТО.

## 6.4 Рајнски манифест

- Постапката согласно Рајнскиот манифест е воспоставена за да го олесни движењето на стоката по Рајна и нејзините придружни притоки. Тој може да се користи како документ за транзит на Европската Унија каде што е соодветно.

*Запомнете, ова се кратки заклучоци за најважните информации од курсот.*
*Само законодавството на Европската Унија објавено во хартиена верзија во Службен весник на Европската Унија се смета автентично. Европската Комисија не прифаќа никаква одговорност или*